НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

„ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА“

ПТ бр. 15 – 27697/2

Скопје, 20 септември 2022 година

Врз основа на член 20 став 5 точка 4 и член 153 став 1 точка 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 122/21), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Се повлекува согласноста издадена со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 2160 од 27 март 2008 година врз основа на која „Стопанска банка“ АД Скопје ја врши финансиската активност „управување со средства и портфолио на хартии од вредност за клиенти и/или инвестициско советување на клиенти“.

2. Во точката 1 од Решението на гувернерот на Народната банка бр. 15813 од 30 април 2013 година, во кое се наведени финансиските активности коишто може да ги врши „Стопанска банка“ АД Скопје, се брише алинејата 15 „– управување со средства и портфолио на хартии од вредност за клиенти и/или инвестициско советување на клиенти“. Алинеите 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25 стануваат алинеи 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24.

## Образложение

Со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 2160 од 27 март 2008 година на „Стопанска банка“ АД Скопје ѝ е издадена претходна согласност за почнување со вршење на финансиската активност „управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти“. Подоцна, со Решението на гувернерот на Народната банка бр. 15813 од 30 април 2013 година, коешто е донесено по службена должност согласно со член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/13), извршено е терминолошко усогласување на финансиските активности, при што називот на оваа финансиска активност со измените на Законот за банките гласи: „управување со средства и портфолио на хартии од вредност за клиенти и/или инвестициско советување на клиенти“.

Со оглед на тоа што за издавање согласност за вршење на оваа финансиска активност е потребна претходно издадена дозвола, согласност или мислење од надлежен орган, односно институција, Банката ја вршеше оваа финансиска активност врз основа на Решението за давање дозвола за работа на брокерска куќа на „Стопанска банка“ АД Скопје – Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги бр. 07-1982/3 од 16.11.2006 година, изменето со решенијата бр. УП1 08-23 од 28.04.2010 година, бр. УП1 08-67 од 01.08.2011 година и бр. УП1 08-48 од 28.03.2016 година, издадено од Комисијата за хартии од вредност.

На 15 јуни 2022 година, врз основа на донесена одлука дека повеќе нема да ја врши оваа активност поради економска неоправданост, Банката доставила барање за

измена на Решението за давање дозвола за работа на брокерска куќа на „Стопанска банка" АД Скопје – Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги до Комисијата за хартии од вредност за исклучување на активностите управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување. Постапувајќи според барањето на Банката, Комисијата за хартии од вредност со Решението УП бр. 1 бр. 08-169 од 8 јули 2022 година, го изменила Решението за давање дозвола за работа за работа на брокерска куќа на „Стопанска банка" АД Скопје – Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги бр. 07-1982/3 од 16.11.2006 година и ги избришала одредбите со кои се предвидувало Банката да ги врши услугите на управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување.

Со оглед на наведеното, Банката на 12 август 2022 година достави барање со кое побара од Народната банка да изврши измена на дозволата за основање и работење на Банката, во делот на финансиските активности коишто може да ги врши да се избрише оваа финансиска активност. Со барањето извести дека, на барање на Банката, Комисијата за хартии од вредност го донесла Решението УП бр. 1 бр. 08-169 од 8 јули 2022 година со кое се бришат одредбите со кои на Банката ѝ се дава право да ги нуди услугите: управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент и инвестиционо советување и го достави во прилог кон барањето.

Со оглед на тоа што Комисијата за хартии од вредност го донесла Решението УП бр. 1 бр. 08-169 од 8 јули 2022 година со кое активноста: „управување со портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на индивидуален клиент" ја избришала од дозволата за работа на брокерска куќа на „Стопанска банка" АД Скопје – Дирекција за работа со хартии од вредност и брокерско-посреднички услуги, Банката повеќе не ги исполнува условите од член 58 од Законот за банките за вршење на оваа финансиска активност.

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Гувернер
д-р Анита Ангеловска-Бежоска

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT · SHKUP · СКОПЈЕ

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

СТОПАНСКА БАНКА а.д. - СКОПЈЕ
ЦЕНТРАЛА СКОПЈЕ

| Примено: | 21.09.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 01/ | 38 | | |